ОКТОМВРИ 2019

# Е-БИЛТЕН БРОЈ 24



ЦеПроСАРД

Почитувани колеги, соработници и читатели,

во ова октомвриско издание на Билтенот на ЗГ ЦеПроСАРД ќе се запознаете со работата на организацијата во имплементацијата на тековните проекти и активности.

Проектот „Подобро управување со природните ресурси во Националниот парк Пелистер” е во завршна фаза и веќе подолго време наназад имавте можност на нашата веб страна и на ФБ профил да ги следите резултатите од мониторингот на крупни месојади кој се спроведуваше во Националниот парк „Пелистер“.

Проектот „Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи - ЛАГ во процесите на интеграција во ЕУ – BUILDLAG” го заокруживме одржувајќи завршен настан и ги доставивме препораките добиени од странските експерти кај надлежните во Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

По проектот „Развој на рурален туризам FRET-STIC” – Продолжуваме со изградбата на информативни туристички центри во Косово во општина Призрен и во Република Северна Македонија, во општина Тетово.

Во рамки на проектот „ZenH Balkan - Болници на Балканот со енергија блиску до нула” во изработка е енергетски преглед на Општа Болница Охрид и повторно се детектираа многу недостатоци во енергетската ефикасност на градежните објекти болници.

Заедно со бизнис секторот изработивме повеќе апликации за користење на средства од актуелните повици на Фондот за иновации и технолошки развој. Соработувавме со домашни претпријатија како Голдирен, Дигитал Центар и авто школа М22.

Започнавме со изработка на Студија за подобрување на енергетската ефикасност на објект Алуминка – производство на алуминиумски и ПВЦ прозорци и врати и изработка на Студија за заштита на животната средина на Гобекс Плус – производител на сокови.

И во овој билтен, подетално ве информираме за тековните проекти, новини, настани на кои учествувавме и соработка и партнерства кои ги склучивме. Ви благодариме на сите кои континуирано нé поддржувате и соработувате со нас!

Ве покануваме да го прочитате најновиот број на нашиот Е-билтен и да ни се придружите во креирањето на идни нови, интересни и корисни активности за одржлив развој.

Телефон
+389 2 3061 391
Е-маил
info@ceprosard.org.mk
Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## *ЦеПроСАРД во заштита на биодиверзитетот*

## Проект за подобро управување со природните ресурси во националниот парк „Пелистер“





Во изминатиов период продолживме со активностите за мониторинг на крупните месојади - мечка, волк и рис во Националниот парк „Пелистер“. Во месец јули во хотелот Капри во Битола проектниот тим ја одржа последната сесија од обуката за мониторинг на крупни месојади. На оваа сесија и претходеше еднодневен работен состанок на 12 јули 2019, како и дводневна теоретска и практична обука за вработените во НП „Пелистер“, во декември 2018 година.
Во рамки на проектот се реализираа активности за ревитализација и обележување на две велосипедски патеки: Кружна патека 10 км: Ротино - Голема Ливада – Магарево – Трново – Ротино, и- Патека 3,5 км: Ротино – Инфоцентар „Пелистер“.

Овој проект е дел од Програмата за подобување на управувањето со заштитените подрачја, финансирана од Европската унија, а ја спроведува УНДП со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

## Состанок со сите инволвирани страни во изработката на Студијата за валоризација и ревалоризација на вредностите во НП „Пелистер“





Во месец јуни претставник од нашето здружение учествуваше на средба за изработката на Студијата за валоризација и ревалоризација на вредностите во НП „Пелистер“, како дел од изработката на Новипот План за управување на НП „Пелистер“, проект кој е финасиран од фондот ПОНТ (PRESPA OHRID NATURE TRUST).
Заради остварување на целосна синергија, покрај поддршката на Министерството за животна средина и просторно планирање, на работната средба учествуваа и организации кои во моментот спроведуваат проекти на територијата на Паркот, меѓу кои и нашето здружение.
На состанокот своевидна координативно – насочувачка улога имаше и претставникот на Фондот за развој на регионот Охрид - Преспа (ПОНТ), како главен финансиер за спроведување на Студијата за валоризација/ ревалоризација на вредностите на НП „Пелистер“, во рамките на која донација ќе биде финансирана и изработката на Нов план за управување на НП „Пелистер“, со поддршка од Твининг проектот, УНДП, но и сопствени работни ангажмани на персоналот, вработени во НП „Пелистер“.

## Консултативна расправа за Нацрт планот за управување со подрачјата од Натура 2000 во границите на НП „Пелистер“

Во месец јули земавме учество и на јавната консултавина работилница за спроведување на 1-вата компонента „Зајакнети капацитети за подготовка на нацрт плановите за управување на заштитените природни подрачја, коишто се од национален и ЕУ интерес за конзервација (потенцијални Натура 2000 подрачја)“, во рамките на Твининг проектот “Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата”.

## *Рурален развој*

## Завршен Настан по проектот Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи - ЛАГ во процесите на интеграција во ЕУ - "БИЛДЛАГ"

Во почетокот на месец јуни, тимот на проектот БИЛДЛАГ во соработка со партнер организациите The Association of Young Farmers Asaja Granada од Шпанија и LAG UNA од Хрватска организираа Завршен Настан на 05.06.2019 во големата сала при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како еден од завршните активности на 18-месечниот проект „Градење на капацитети за одржлив развој на локалните акциски групи – ЛАГ во процесите на интеграција во ЕУ – BUILDLAG“, финансиран од Европската Унија (ИПА Програмата).







Настанот имаше за цел да овозможи приказ на значењето примената на LEADER пристапот и локалните акциски групи во ЕУ интеграцијата, преглед на проектните активности, тековната состојба на формираните ЛАГ-ови во Република Северна Македонија и предизвиците што следуваат.

На настанот, свое обраќање имаа претставници од МЗШВ, директорот на Центарот за Развој на Полошкиот плански регион, како и градоначалникот на општина Желино. Проектните партнери од Шпанија и Хрватска ги презентираа заклучоците од проектните активности и изработените препораки до локалната самоуправа за создавање одржливи решенија и практики на долгорочен план за функционирањето на локалните акциски групи и ЛИДЕР пристапот и поддршка во процесот на интеграција на земјата во ЕУ.
Овој проект е финансиран од Европската Унија.

## Проект Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри - "FRET-STIC"

Во рамки на проектот FRET-STIC, изминатите месеци активно се работи на воспоставувањето на објектите на туристички информативни центри (STIC-ови). Во таа насока започна нивната изградба во двете земји, каде во финална фаза се подготовките за нивно поставување. Ангажирана е софтверска компанија за да развие интерактивна платформа, која од пребарувањата на туристите ќе прибира и анализира податоци за нивните преференции и ќе овозможи соодветни подобрувања. Исто така, со оваа платформа ќе се направи и вмрежување на новите и постојните туристички информативни центри во регионот на Шара.
Проектот “Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри / FRET-STIC“ е поддржан од Европската Унија, со времетраење од 24 месеци започна на 15 мај 2018 година.
Проектот се спроведува во рамките на ИПА Програмата за меѓугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Косово.





## *Енергетска ефикасност на болници*
## Проект Болници на Балканот со енергија близу нула - ЗенХ





Експертите ангажирани за спроведување на енергетски контроли на селектираните болниците во рамки на проектот ЗенХ - „Болници на Балканот со енергија близу нула“ ја презентираа постоечката состојба и избор на болничка зграда за изработка на детална енергетска контрола во комплексот Јавна Здравствена Установа - ЈЗУ Општа болница Охрид. Наодите беа презентирани пред проектниот тим, во просториите на ЗГ ЦеПроСАРД на ден 17.06.2019.
Овие активности се спроведуваат за постигнување на една од целите на проектот - Подготовка на детална анализа и тестирање на модели за изградба и реконструкција на болнички згради во згради со потрошувачка на енергија близу до нула. Ова се први т.н. „контроли во од” и деталени енергетски контроли на болничките згради во Република Северна Македонија. Подготвената документација ќе биде доставена на користење на Министерството за здравство, кое даде поддршка во реализацијата на овој проект.

## *Соработка со институциите*
## Соработка со Министерство за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство на Република Северна Македонија

Во месец јули ЗГ ЦеПроСАРД одржа работен состанок со г-дин Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, во просториите на МЗШВ. На состанокот се дискутираше за досегашните активности имплементирани од ЗГ ЦеПроСАРД во делот на земјоделството и руралниот развој, особено имплементацијата и завршните активности на проектот “Градење на капацитети за одржлив развој на Локалните Акциски Групи (ЛАГ) во процесите на интеграција во ЕУ” - BUILDLAG, финансиран од Европската Унија преку CFCD, Министерство за финансии на Република Северна Македонија. Г-ѓа Светлана Петровска, извршен директор на ЗГ ЦеПроСАРД изрази благодарност до министерот за поддршката и активна улога во процесот на воспоставување на институционална рамка при имплементирање на проектните активности од страна на вклучените претставници на МЗШВ и ги достави во МЗШВ “Препораките за спроведување на приодот LEADER во Република Северна Македонија” добиени од експертите ангажирани од партнерските организации од Хрватска и Шпанија.

На состанокот се разговараше за можностите за идна соработка на МЗШВ со граѓанскиот сектор при што претставниците на ЗГ ЦеПроСАРД го истакнаа развојот и соработката на полето на заедничка имплементација на проекти што се финансираат од ИПА фондовите. Особен акцент беше ставен на соработката во делот на подобрувањето на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија во земјоделските стопанства, во секторот на секундарната преработка на земјоделските производи, креирањето на политики во делот на ЕЕ и ОИЕ во земјоделството.








Телефон
+389 2 3061 391
Е-маил
info@ceprosard.org.mk
Адреса
Ул "1550" Бр 8а

## Средба со претставници на Агенција за енергетика на Република Северна Македонија

Во месец јули одржавме состанок со Г-дин Нехри Емрула, Директор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија и г-дин Панче Атанасовски, советник за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија. На состанокот се дискутираше за досегашните активности имплементирани од ЗГ ЦеПроСАРД во делот на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, со особен акцент во имплементацијата на проектот „Zen-H Balkan" и можностите за идна соработка со Агенција за енергетика.

Г-дин Нехри Емрула, ги посочи можностите за идна соработка помеѓу Агенција за енергетика и ЗГ ЦеПроСАРД во делот на подобрувањето на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија, во индустријата и секторот болници, идните обуки на енергетските контролори, креирањето на политики во делот на ЕЕ, како и потребата од поддршка со опрема за утврдување на енергетски заштеди.

## Соработка на ЗГ ЦеПроСАРД со Специјален Завод Демир Капија

Соработката со институциите продолжи со работен состанок со директорката на Специјалниот Завод Демир Капија, г-ѓа Александра Велкова. На состанокот се дискутираше за можностите за идна соработка со Специјален Завод Демир Капија во делот на обезбедување на квалитетни услови за згрижување на штитениците на Заводот и беа посочени можностите за идна соработка во делот на подобрувањето на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија како и соработка во делот на одржливите земјоделски практики.

## Работна средби во општините Босилеград и Сопиште по отворениот повик за меѓугранична соработка на Република Србија со Република Северна Македонија

Претставници од ЗГ ЦеПроСАРД со претставниците од општина Босилеград и општина Сопиште во текот на месец септември одржаа две работни средби. Целта на средбите беше подготовка на нацрт-верзија на заедничка апликација за ИПА-програмата по повикот за меѓугранична соработка на Република Србија со Република Северна Македонија. Во согласност со потребите на општина Босилеград и општина Сопиште заеднички беа разработени идеи и концепти за апликација на првиот повик од ИПА-програмата за прекугранична соработка Република Србија - Република Северна Македонија.







## Тимот на ЦеПроСАРД со свој придонес во работилницата за заштитата на животната средина и одржливиот развој на областа на езерото Преспа

Во текот на месец септември наш претставник зема учество на работилница за заштитата на животната средина и одржливиот развој на областа на езерото Преспа организирана од EEAS која се одржа во Општина Ресен. Целта на работилницата беше да се процени севкупната важност и кохерентност на програмата за Република Северна Македонија, а резултатите од работилницата ќе помогнат да се даде приоритет и изврши селекција на најрелевантните можни методологии и активности на новата програма за Република Северна Македонија.

